УНИВЕРЗИТЕТ „СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ“ - СКОПЈЕ
ФИЛОЗОФСКИ ФАКУЛТЕТ

# 60 ГОДИНИ ИНСТИТУТ ЗА ИСТОРИЈА

# МЕЃУНАРОДНА НАУЧНА КОНФЕРЕНЦИЈА „МАКЕДОНИЈА И СОСЕДИТЕ“

**Скопје 08-09.12.2006 година**

Скопје, 2010 година

# МАКЕДОНСКОТО КРАЛСТВО И (НЕ)ПРИЛИКИТЕ НА ХЕГЕМОНОТ

**1.** Многупати е кажано дека, во V век ст.е., природата на односите меѓу Македонија и Атина зависела речиси исклучиво од атинските економски интереси. Потребата од дрво за бродоградба, клучната суровина за одржување на атинската флота, е општо место и во изворите, и во научната литература. Па сепак, ако се разгледа повнимателно сето она што е напишано досега, станува јасно дека проблемот на економските односи на Македонија и Атина се третира во извесна мера еднострано, барем на методолошки план.

Навистина, веќе не треба посебно да се образложува дека Атина имала потреба од македонското дрво. Но, проблемот е во тоа што оваа потреба никако не смее да се сведе на ефемерно ниво, значи, да се обработува како грижа да се има дрво *тука* и *сега*. Напротив, обмисленоста со која дејствувале Перикле и неговите соработници ни дава право да се запрашаме: дали дрвото за бродоградба било врзано за некаква подлабока стратешка определба, некаква развојна стратегија обмислена од атинскиот политички врв? И, дали атинските воено-политички решенија во однос на Македонија биле решенија *per se*, само за да се задоволат итните потреби на флотата, или пак биле дел од многу поголем стратегиски мозаик, во кој и влогот, и очекувањата биле многу поголеми? Ова прашање налага специфичен пристап кон темата; затоа, во продолжение, кон Македонија и нејзините ресурси ќе пристапиме од атинска гледна точка; ќе ги набљудуваме исклучиво *во функција* на атинската хегемонија, што е токму суштината на нашиот проблем.

**2.** Во текот на V век ст.е. се посведочени неколку важни настани, кои укажуваат дека атинскиот политички врв дејствувал според добро осмислена политичка програма.[1] Сепак, би било премногу храбро да се тврди дека Атињаните имале конечна, долгорочна програма за целиот Егејски басен. Станувало збор за специфична територија со сложени политички, економски и социјални односи; какви и да се зацртаните определници во одредена политичка програма, тие никојпат не би можеле да бидат остварливи во неизменет облик, толку долго и на толкава територија. Показ за ова се токму првичните придобивки од атинската хегемонија, што во основа ја овозможиле политичката и економската надградба на Атина: како што ќе видиме, тие не

[1] На пример, опсадата на Тасос во 465 год. ст.е. (*Thuc.* 1.100-101); првиот обид за основање населба во месноста Девет Патишта, исто така во 465 ст.е. (*Thuc.* 1.100); основањето на Амфипол во 437 ст.е. (*Thuc.* 4.105); и т.н.

дошле по идеја и заслуга на Атињаните, туку се должеле на специфична состојба во одреден историски миг.[2]

Но, за да ги сфатиме политичките и економските определници на политиката на Атина кон Македонија, најпрвин треба да ги разгледаме и дефинираме нејзините придобивки од сојузната хегемонија, и со тоа да ги определиме факторите што имале пресудно значење за натамошните случувања.

**а.** Според она што ни го кажува Херодот, меѓуполисните војни биле честа и сосем вообичаена појава во VI век ст.е. Но, се чини дека во мугрите на последниот и најголем персиски поход во Европа,[3] за вакви (најчесто лимитрофни) војни веќе немало место. Полисите се нашле соочени со воено надмоќен противник, кој можел да стави крај не само на нивната независност, туку и на севкупниот дотогашен општествен поредок. За да го обезбедат опстанокот, загрозените полиси речиси еднодушно решиле да заборават на нивниот партикуларизам. Дури и откако опасноста минала, а Спарта и формално се повлекла од предводничкото место,[4] Хелените што учествувале на Делоското собрание решиле да ги продолжат дејствијата во иста насока – да останат обединети во борбата против Големиот крал.[5]

Но, ние не го спомнуваме овој настан зашто полисите донеле мудро и корисно решение, ниту пак зашто покажале извонредна смелост и решителност. Напротив; тука треба да се обрне внимание на *начинот* на кој хеленските полиси се обединиле за понатамошна борба. Тукидид и Диодор пишуваат дека, од тој миг, општите политички смерници ги определувало генералното собрание на Делоскиот сојуз.[6] Без оглед дали собранието било еднодомно (што произлегува од описот на Тукидид) или дводомно (според мислењето на современите критичари на Атина), мора да се признае дека степенот на единство и еднодушност на неговите заседанија бил, без претерување, зачудувачки за тогашниот хеленски свет. Од заклетвата дека сите членови на сојузот ќе имаат исти пријатели и непријатели, па сѐ до расправите за идните потфати[7] – сѐ укажува дека, за првпат дотогаш, голем дел од хеленските полиси усвоил *заедничка надворешна политика*. А ваквата еднодушност не била плод на некакви особени напори на Атина, туку, едноставно, била условена од состојбата и станала основно начело на Делоскиот сојуз. Сѐ што Атињаните понатаму требало да прават, е

[2] Станува збор за настаните во Егејскиот басен, особено меѓу Хелените, по повлекувањето на персиската војска од Европа во 479 год. ст.е. и последователните превирања во врска со понатамошните дејствија на Хелените.

[3] Станува збор за походот на Ксеркс во Европа, под теренско заповедништво на војсководецот Мардониј, во 480/79 год. ст.е.

[4] По скандалот со басилејот Павсанија, обвинет за поткуп и трупање лично богатство во 478/7 год. ст.е.

[5] Тукидид (1.96) вели дека целта на овој сојуз била да се пустошат персиските територии како надомест за хеленските загуби до 478 год. ст.е.; но, кај него може да се прочита и дека целта била да се брани Јонија (3.10), или да се одбрани слободата на Хелените (6.76). Деведесет години подоцна, Андокид (3.37-8) пишува дека Атина го создала овој сојуз за да зајакне на сметка на другите полиси, но ова, се чини е post festum, и дека оди премногу далеку. Спорот за првичните мотиви трае до денес, но, имајќи предвид дека сите главни активности на сојузно ниво биле навистина упатени против Персија, мислам дека понатамошната дискусија за ова прашање не е од пресудна важност.

[6] Thuc. 1.96; Diod. 11.47.

[7] Arist., *Ath. pol.* 23.5; Plut., *Arist.* 25.

да ги одржуваат причините за еднодушноста: единството, по секоја цена, морало да се зачува.[8]

**б.** Но, со цел определниците на заедничката политика да станат реалност, било неизбежно таа да се поткрепи и со заеднички, постојани воени сили.

Непосредно по основањето на Делоскиот сојуз, атинскиот државник Аристејд бил задолжен да го зацрта придонесот на секоја членка на сојузот кон заедничката кауза. Според неговиот нацрт, дел од полисите требало да даваат кораби и посади,[9] а сите други да придонесуваат со парични уплати, т.н. форос. Предлозите на Аристејд биле еднодушно прифатени.[10] Причините за ова се очигледни: ако се суди според списоците на уплата,[11] годишните уплати на полисите биле многу помали од два или три таланти – а толку требало за да се плати учеството на само една триера во една годишна воена кампања.[12] Освен тоа, многу членки на сојузот имале толку мало население, што дури и да сакале, не можеле да си дозволат да дадат една потполна посада за триера.[13]

Сојузниците имале причини да бидат задоволни, зашто плаќале мала цена за сопствената безбедност.[14] Но, тоа ѝ одговарало и на Атина. Поради ваквата поставеност на придонесите, атинските двеста триери доминирале во сојузната флота и, природно, на чело на здружените поморски сили стоел Атињанец. Неговиот збор (или зборот на Атина) бил пресуден; за политиката се решавало заеднички, во Собранието, но изворите не споменуваат никакви расправи за насоките на дејствување на сојузничката флота. Ова била спротивна крајност од претходните кавги, што ги опишува Херодот.

Во секој случај, така се изродила и втората придобивка, суштински важна за надградбата на атинската хегемонија – *заеднички постојани воени сили*. Повторно, тие не биле плод на атинските напрегања, туку нужност без која борбата против Персија би била неостварлива.

---

[8] Атина честопати насилно го спречувала истапувањето од сојузот. Околу 470 год. тоа се обидел да го стори Наксос, а Атина одговорила со воени дејствија. Како што пишува и Тукидид (1.99), истото се случило и со повеќе други членови: Тасос (465-3), Евбоја (447/6), Самос (440/39) и, подоцна, Лесбос (428/7). Но, гледано во целина, интересно е што другите членови не ги критикувале атинските постапки.

[9] (на прво место Атина со своите двеста триери, но уште и Самос, Лесбос и Хиос).

[10] Thuc. 5.18; Diod. 11.46; Plut., *Arist.* 24.

[11] Meritt, B. D., Wade-Gery, H. T. and McGregor, M. F.: *The Athenian Tribute Lists*, 4 vols., Cambridge, Mass. and Princeton, 1939-1953.

12 Сè уште се расправа за тоа колку чинела изградбата на една триера. Изворните податоци за првиот биле целосно собрани од A. Boeckh (*Urkunden über das Seewesen des attischen Staates*, Berlin 1840), кој претпоставил цена од еден талант за школката на коработ и еден талант за опремата. Пресметката е оспорена од V. Gabrielsen (*Financing the Athenian Fleet*, Baltimore 1994) кој сепак не дава друг предлог, та претпоставката на Boeckh сè уште вреди. Според нивото на цените во V век st. e., едномесечни дејствија во мир би чинеле меѓу половина и еден талант по триера; *v.* W. Loomis, *Wages, Welfare Costs and Inflation in Classical Athens*, Ann Arbor, 1998.

[13] *Cf.* E. Ruschenbusch, "Tribut und Bürgerzahl im ersten athenischen Seebund", *Zeitschrift für Papyrologie und Epigraphik* 53 (1983), p. 125-43; Idem, "Die Bevölkerungszahl Griechenlands im 5. und 4. Jhs.", *Zeitschrift für Papyrologie und Epigraphik* 56 (1984), p. 55-57.

[14] Тукидид (1.99) и Плутарх (*Cim.* 11) велат дека некои полиси не сакале да се изложат на непосредна воена опасност, туку претпочитале, наместо да дадат кораби и посади, да плаќаат форос; дури и тоа било прифатено.

**в.** Последната придобивка се надоврзува на распределбата на воените обврски. До тоа време, на слободните Хелени им било незамисливо да бидат оданочувани; на пример, данокот што Јонците му го плаќале на персискиот крал бил симбол на покореност, на туѓински јарем. Воведувањето на сојузниот форос било прва успешна промоција на годишното оданочување во хеленскиот свет, и тоа на ниво на полис. Освен тоа, форосот поттикнал оптек на крупни парични износи, во размер дотогаш невиден во кој и да е полис, та ниту во Атина.[15] Но, клучно е тоа што форосот бил надгледуван од сојузни службеници со посебни овластувања – по правило Атињани. На овој начин, Атина се нашла на чело на една *централизирана економска администрација* – огромен чекор напред, особено во време кога дури и ковањето монети не било секаде и сосем усвоено.

**3.** Заедничката надворешна политика, заедничката постојана војска и централизираната економска администрација можеле да водат кон само еден исход – огромна акумулација на богатство и воена моќ. Во овие услови, хегемонијата на Атина била речиси предодредена да се развива и надградува. Сепак, придобивките од сојузната хегемонија можеле да дадат само првичен поттик; за вистинска надградба, Атина требало да го пробие патот кон целосна превласт со сопствени сили. Тука стапил на сцена атинскиот политички врв кој, како што ќе видиме, успешно ги минал трите главни чекори кон надградба.

**а.** Формалните обврски на Атина како хегемон, но и нејзините сопствени интереси, упатувале дека на прво место треба да се обезбеди *општ мир и стабилност*, пред сè на територијата на сојузот, а по можност и пошироко во рамките на атинската интересна сфера.

Еден век по овие случувања, Исократ[16] напишал дека системот осмислен во 478/7 год. ст.е. овозможил општ мир во Егејот. Секако, реториката на Исократ не треба да се прифати безусловно: ниту целиот регион бил потполно пацифициран, ниту пак Атина свесно се стремела кон спроведување на некој вид *koine eirene*. Па сепак, никаде не е забележано дека, додека постоел сојузот, сојузниците на Атина кренале оружје едни против други. За да ги оневозможат меѓуполисните војни, Атињаните го искористиле монополот врз воените сили до крајност, а не се двоумеле и да го менуваат уредувањето во одредени полиси.[17] Најмалку до 431 год. ст.е., кога можните бунтовници веќе можеле да се надеваат на помош од Пелопонес, насилството во рамките на сојузот било незначително, а во сите забележани случаи на непријателство, на едната страна била Атина.

Само така Атина можела да обезбеди безбедна заднина, за да може непречено да дејствува против надворешните закани. Но, тука се провлекува уште еден детаљ. Во време кога Атина цврсто ги држела највисоките овластувања во сојузната војска, пацификацијата на сојузот значела и заокружување на военото и политичкото подредување на сојузничките полиси во однос на Атина. Понатаму можело непречено да се размислува за утврдување и ширење на економските активности.

**б.** Со обезбедувањето на општ мир и стабилност, Атина создала услови за безбедна пловидба и за непречено користење на главните трговски патишта. Освен што

---

15 *V.*, на пример, Thuc. 1.80 и Dem. 23.209.

16 Isocr. *Panegyr.* 104.

17 Plat., *Epist. sept.* 332b-c; Arist., *Pol.* 1307 b 22.

го олеснило транспортот на виталните суровини, ова овозможило значителна предност во уште една насока. Имено, главните трговски пунктови веќе не биле расеани низ Егејот, туку сè почесто имале едно заедничко одредиште – пристанишните складишта во Пиреј. Зголемената воена моќ, културниот просперитет, а пред сè економскиот подем и напливот на средства во правец на Атина, предизвикале и наплив на стока: трговските полиси реагирале логично: почнале да ја упатуваат стоката онаму каде можела најлесно да биде забележана и продадена.[18]

Ваквата поставеност на трговската мрежа, како и разновидноста на стоките што секојдневно стасувале во Пиреј, навестува дека Атина успеала да промовира и еден вид *централизиран* (ако не и диригиран) *пазар на стока*.

**в.** Централизираниот пазар на стока бил мошне значаен, зашто овозможил да се создаде значителен вишок на вредности и го олеснил економското издигање на Атина. Сепак, за да се заокружи развојот на атинската хегемонија, бил потребен уште еден, порадикален зафат. Имено, Атина ги контролирала пазарот и транспортот на виталните суровини, но, за да го надгледува целиот процес на снабдување, таа морала да има надзор и врз извориштето на тие суровини. Последен и, веројатно, најсериозен предизвик било да се обезбеди *централизирана контрола врз виталните суровини* – житото, дрвото и благородните метали.

Во изворите не пишува многу за овие обиди, а згора на тоа, изворните податоци се задржуваат претежно на земјиштето и житото. Па сепак, дури и на тој начин може да се сфати матрицата на дејствување на Атина; да видиме, значи, за што станува збор.

Сè додека биле самостојни, полисите ги штителе виталните суровини – пред сè земјата како главен извор на богатство, но и шумите, рудниците, и сл. Право на имот имале само полноправните граѓани на полисот, а да се даде имотно право на туѓинец не доаѓало предвид. Но, во одреден миг, Атина почнала да основа нови колонии; со тоа почнала да го поткопува овој обичај, узурпирајќи го имотното право во другите полиси во полза на сопствените граѓани.[19] Ова се гледа и од податокот на Плутарх, кој пишува дека „Перикле со еден удар се ослободил од неработниците и агитаторите, и ги подобрил животните услови на пониските слоеви"[20]... но, би додале, и го промовирал атинското „право" на посед надвор од границите на Атика. Атинското посегање по имот вон границите на Атина било преседан, со кој основните еко-

[18] *Cf.*, на пример, фр. 63 на Хермип, кој дава живописна слика за стоката што се слевала во Атина.

[19] Колониите по правило требало да бидат автономни населби основани на ненаселена, „ничија" територија. Во VIII век, Хелените започнале да ги колонизираат релативно слабо населените територии вон Егејскиот басен; слично, во 444/3 год. ст.е. Атињаните, заедно со други Хелени, ја основале колонијата Турии на напуштената и ненаселена територија на поранешниот Сибарис (Diod. 10.3-7; Plut., *Nic.* 5). Но, колонизацијата во нова, атинска верзија подразбирала насилно прогонување на жителите од веќе населени места и нивно заменување со атински граѓани; ова, на пример, се случило на Ајгина во 431 год. ст.е. , во Потидаја во 430 год. ст.е., како и на Мелос во 416 год. ст.е. (*cf.* Thuc. 2.27, 2.70, 5.116). Треба да се признае дека овие примери се од крајот на атинската хегемонија, но за поранешни примери од ваков вид немаме опредметени податоци – можеби и зашто Атина тогаш не била доволно моќна за да воспостави таква пракса.

[20] Plut., *Pericl.* 11. Дека колонистите и клерусите најчесто доаѓале од посиромашните слоеви е потврдено и со епиграфски извори (на пример, *IG* $I^3$ 46), а Перикле и така размислувал за проблемите предизвикани од големиот број атински граѓани (Arist., *Ath. pol.* 26; Plut., *Pericl.* 37).

номски ресурси на сојузот најпосле биле отворени за централна, дури и централизирана експлоатација.

**4.** Со исполнувањето на трите чекори кон надградба – *обезбедувањето општ мир, промовирањето диригиран пазар и отворањето непосреден пристап до суровините*, Атина станала многу повеќе од сојузен хегемон. Останувало само формално да ја признае и озакони сопствената положба.[21] Понатамошното дефинирање на Атина во ова време излегува од границите на оваа расправа; тука е доволно само да се каже дека, по завршувањето на сите погоре опишани чекори, Атина имала *јасно издиференцирана лепеза на институции* и државни службеници, кои дејствувале во рамките на *јасно означени територијални граници*; таа успешно го извела процесот на *централизација* (политичките односи зрачеле од центарот кон надвор), по што имала монопол во донесувањето *авторитативни и обврзувачки одлуки* со моќ на вистински закони. Ако се прифатат некои посовремени размислувања за државата и државотворноста, сето ова укажува дека Атина се нашла само на чекор од создавање прва хеленска држава во вистинска, современа смисла на зборот.[22]

**5.** Големината на атинските постигања е неспорна, а нејзиното ниво на внатрешен политички развој бил невиден во дотогашниот свет. Па сепак, Атина била соочена со неколку мошне важни ограничувања.

Ако се суди според стандардите на други големи сили, па дури и само од античко време, *територијалниот обем* на Атина и нејзините сојузници, земени заедно, *бил апсолутно мал*. Атинскиот поморски сојуз, во најдобар случај, покривал одвај неколку десетини илјади квадратни километри – бројка која подоцна би била одвај достојна за една подоцнежна римска провинција, а да не зборуваме за персиските сатрапии, по правило неколкупати поголеми од оваа територија. Во времето на неговиот најголем подем, во сојузот живееле одвај нешто повеќе од милион луѓе. Во споредба со атинската *arkhe*, сите позначајни држави или империи во антиката, освен што траеле подолго, биле огромни. Сразмерно со малата територија и малиот број на жители, и вкупните годишни приходи на Атина – иако огромни во споредба со приходите на другите полиси и сојузи – всушност биле сосем просечни, ако не и мали. Ако му се верува на Ксенофон, во време на мир целиот сојуз имал вкупен приход од околу илјада таланти годишно.[23] За споредба, Херодот сведочи[24] дека вкупниот годишен приход на персискиот крал обично изнесувал околу 14500 таланти, а илјада таланти, на пример, секоја година плаќала Бабилонија.[25]

---

[21] Ова навистина се случило, но дури со декретот на Клеарх (*IG* I[3] 1453) во 425/4.

[22] *V.*, пред сé, M. Mann, "The autonomous power of the state: its origins, mechanisms and results", in Hall, J. (ed.), *States in History*, Oxford, 1986, p. 109-136; исто и L. Kallet-Marx, *Money, expense and naval power in Thucydides' History 1 - 5.24*, Berkeley 1993, 23-36, која подетално зборува за податоците на Тукидид што го поткрепуваат овој заклучок.

[23] Xen. *Anab.* 7.1.27; *cf.* R. Meiggs, *The Athenian Empire*, Oxford, 1972, 258-9.

[24] Her. 3.90-94.

[25] Релативноста на атинската економска моќ може уште поубаво да се согледа ако овие бројки – без оглед на методолошката неоправданост на постапката – се споредат со приходите на Римската држава. Имено, годишните приходи на римскиот принципат во I век н.е. изнесувале околу 830 милиони сестерции што, според поголемиот број пресметки, во V век ст.е. би било рамно на над 86 илјади таланти; или, грубо кажано, бруто приходите на Атина во време на мир изнесувале само една педесетина од соодветните приходи на римскиот принципат (пресметка на I. Morris, *The Athenian Empire*, во подготовка).

Што се однесува до копнената војска,[26] дури и во време на најголема потреба, Атина можела да смета на помалку од триесет илјади пешаци, илјада и двеста коњаници и илјада и шестотини стрелци.[27] Во однос, пак, на воената способност на море – бројот на атинските триери и вештината на атинските посади не треба да се доведуваат во прашање. Па сепак, и тука е евидентен еден мошне специфичен проблем: атинската надмоќ на море чинела мошне скапо.

Благодарение на успешната и исплатлива воена кампања против Персија,[28] наплатувањето на форосот, пристанишните такси и придобивките од трговијата, Атина успеала да собере релативно голема пасива. Во 431 год. ст.е., ризницата на сојузот располагала со 6000, а во еден момент и со цели 9700 таланти.[29] Според тогашните хеленски стандарди, станувало збор за огромни средства; па сепак, кога Атина требало да води војни со пресудно значење, дури и оваа огромна сума се покажувала како несоодветно мала. На пример, војната против Самос во 440/39 год. ст.е. чинела 1200, можеби дури и 1400 таланти;[30] за опсадата на Потидаја, пак, биле потрошени најмалку 2000 таланти. Навистина, поразените морале да ги платат сите трошоци на војувањето – но, за сметка на тоа, бил драстично намалуван нивниот придонес во сојузничката каса.[31] Ова непосредно се одразувало врз вкупниот годишен износ на форосот, од кој требало да се финансираат дејствијата на сојузната флота.

Ниту овие дејствија не биле евтини. Ако во пресметките се вклучат трошоците за поправка и замена на дотраените кораби, тримесечна пловидба со двеста триери можела да чини меѓу 500 и 1000 таланти. Според Плутарх, во четириесеттите години на V век ст.е., Перикле имал обичај да држи во полна готовност шеесетина триери по осум месеци годишно: ова, заедно со надниците на посадата и трошоците за одржување, дури и во мирно време би го чинело најмалку 300 таланти. Да ги спорeдиме овие бројки со годишниот износ на форосот.[32] Првиот форос, определен од Аристејд за 477 год. ст.е., изнесувал 460 таланти;[33] од 454 год. ст.е. годишните износи се движеле околу 400 таланти, за дури во 431 год. ст.е., во време на војна, форосот да се зголеми на 600 таланти.[34] Ако се суди според овие бројки, се чини дека за дејствијата на флотата во време на мир бил трошен речиси целиот износ на форосот – а во време на војна, форосот веќе не стасувал. Во дваесеттите години на V век ст.е., кога фо-

[26] Поопсежно за копнените сили на Атина во триесетите години пишува French : 1993.

[27] Дека оваа бројка воопшто не е голема, сведочат и податоците за бројноста на други воени сили во антично време. За илустрација, во битката кај Милет (498 год. ст.е.), со приближно толкава војска заповедал само Артаферн, сатрапот на Сарди (Her. 5.102); во битката кај Платаја (479 год. ст.е.), на бојното поле се судриле 40.000 Хелени и 70.000 персиски војници; во битката кај Хајронеја, пак, се судриле близу 25.000 Македонци и околу 30.000 борци на заедничките хеленски сили. Значи, ако се јавела потреба Атина да учествува во битка од вакви размери, таа би требала на едно место да ја построи целата своја воена актива.

[28] *V.* Plut., *Cim.* 9-13.

[29] Thuc. 2.13.

[30] Diod. 12.28; *IG* I³ 363.

[31] *V.* Thuc. 1.117 (за Самос).

[32] За точниот годишен износ на форосот (особено пред 454 год. ст.е.) сè уште се спори, но за нашиве пресметувања се сосем доволни и приближните вредности.

[33] Thuc. 1.96.

[34] Plut., *Arist.* 24.

росот се зголемил на неверојатни 1300 таланти, во декретот на Тудип[35] категорично се истакнува дека приходите не се доволни; меѓу 423 и 422 год. ст.е. Атињаните позајмиле средства од храмот на Атена во вкупен износ од 6000 таланти,[36] а веќе во 428 год. ст.е., четвртата година од војната, Атињаните морале да прибегнат кон ејсфора, со што биле собрани уште 200 таланти.[37]

**6.** Заклучокот што произлегува од претходните редови е сосем јасен: Атина имала апсолутна воена и економска надмоќност само во однос на можните непријатели од редот на хеленските полиси, земени поодделно. Ако се гледа во поширок размер, нејзината воена и економска способност (во однос на проектираните амбиции) била, најблаго речено, сомнителна. Во триесеттите години на V век ст.е., Атина ни одблизу не била подготвена да финансира и да води сериозна, уште помалку сеопшта војна.

При сето ова, клучен елемент за одржување на споменатите придобивки од сојузната хегемонија, но и за спроведување на чекорите кон нејзината надградба – била токму големата атинска флота. Флотата била основа на заедничките воени сили, главен инструмент за исполнување на целите на заедничката надворешна политика, но и главен гарант за општиот мир на територијата на сојузот. Со нејзина помош се контролирал централизираниот даночен систем, се обезбедувале патните и трговски правци и се заштитувал централниот пазар на стоки и суровини. Од флотата зависела целата устроеност на нештата; без неа, Атина неповратно би ја загубила не само подлогата за идни, поголеми амбиции, туку воопшто и хегемонското место. Значи, флотата требало постојано да се обновува и развива – за што, пак, бил потребен *стабилен* и *неограничен* прилив на дрво за бродоградба.

Тука лежела суштината на атинските неприлики: единствен голем снабдувач со дрвна граѓа, сè до основањето на Амфипол, било македонското кралство, или поточно кралот на Македонија – најпрвин Александар I, потоа Пердика II. Во целата поширока околина, единственото дрво за бродоградба што слободно можело да се купи и да се користи, можело да се најде во македонската област Пиерија; сите други извори биле или премногу далеку, или под персиска власт.[38] За несреќа на Атињаните, трговијата со македонско дрво била игра со оган: многупати се случувало македонскиот крал да дејствува сосем автономно, во насока што му одговара само нему и на неговото кралство, што било апсолутно неприфатливо за Атина. Огромниот обем на атинските воени и трговски активности и, воопшто, големите амбиции на Атина барале непрекинат и стабилен прилив на дрво за бродоградба. Секое попречување на востановениот пат на дрвото би можело да биде погубно за Атина, особено зашто, по 454 год. ст.е., македонското кралство било нестабилно, подложно на внатрешни судири и со нагризнат политички авторитет на голем дел од својата територија – услови во кои било можно да се замеша и трета заинтересирана страна. Стабилната размена може-

[35] *IG* I³ 71.

[36] *IG* I³ 369.

[37] Thuc. 3.19.

[38] На пример, дрвото од Мала Азија, што го користеле Јонците во Персиската флота; или пак дрвото од планината Либан, што го користеле Фојникијците, повторно во персиската флота. Дрво за бродоградба можело да се купи и од Сицилија, но оваа опција, поради долгиот и скап транспорт и несредените политички односи на Атина со сицилиските полиси, била премногу сложена и неисплатлива.

ла да биде запрена од другата страна во кој и да е момент; за да преживее и Атина, но и нејзината хегемонија, таа морала да бара и алтернативен извор на дрво.

Основањето на Амфипол во 437 год.ст.е. требало да послужи како решение токму за овој проблем. Но, треба да се има на ум дека Атињаните не сакале пиериското дрво да го заменат со едонско, туку да имаат алтернатива за снабдување. Раскинувањето на македонската трговска врска и понатаму не доаѓало предвид, зашто Атина повторно би зависела само од еден извор на дрвна граѓа – од Амфипол. Морале да се одржат и македонската, и едонската трговска врска.

Како и да е, дури и ваквата состојба била премногу ризична за Атињаните: едниот извор за снабдување имал несигурни политички определници, а другиот се наоѓал на територија што не била сосем безбедна. Атина морала да се ангажира за да добие непречен пристап до дрвото од север со сопствени сили, дури и по цена на воено соочување. Всушност, ако се разгледуваат можните опции, се чини дека токму опцијата за воено соочување била најлесно изводлива и најисплатлива. Во дадениот миг, Македонија немала флота; немала тешко вооружени пешадиски сили (т.е., фаланга каква што ќе има во времето на Филип II); сé уште немала систем од воени утврдувања (каков што ќе направи Архелај); и најпосле, поради проблемот со Амфакситида, немала заокружена и јасно утврдена источна граница (што се гледа и од возможноста да се основа Амфипол). Во нејзиното соседство имало политички субјекти со значителна моќ да предизвикаат неприлики (Ситалк) или со значително влијание на теренот (Дерда од Елимеја и Филип од Амфакситида), кои усрдно би се ставиле на атинска страна.

Македонското кралство би требало да биде лесна цел и, уште поважно, цел со релативно низок ризик во општата рамка на воено-политички односи. Северот не влегувал во интересната сфера на Спарта, па воените дејствија против Македонија – независно дали подразбирале смена на нејзиниот владетел, поделба, покорување или целосно бришење од политичката карта – не претставувале акт со којшто би се прекршил Триесетгодишниот мир, според кој дејствувањето и на Атина, и на Спарта било ограничено само на сопствената интересна сфера. Така, на релативно безбеден начин: со сојузници на теренот, релативно мали загуби, огромни придобивки, а без непосредна опасност по полисот, Атина би можела да дојде чекор поблизу до апсолутна доминација во Егејскиот басен, без формално да ѝ се спротивстави ниту на Спарта, ниту на кој и да е друг можен соперник.

А дека ваквото размислување не останало само во рамките на теоријата, сведочат настаните со Потидаја и започнувањето на воени дејствија против Пердика II во 432 ст.е. Имено, во април 432 год. ст.е., на атињанинот Архестрат му биле дадени илјада хоплити, со кои требал, во содејство со локалните сојузници на Атина, да го нападне македонското кралство. Но, се случило Архестрат да стаса на тракомакедонското крајбрежје токму кога Потидаја, а по неа и другите атински сојузници на Халкидик, кренале бунт против хегемонот. Атина морала да прати засилувања, но веќе не за да војува против Пердика, туку за да го задуши бунтот на Халкидик;[39] со ова ја пропуштила шансата за брза и ефикасна победа над Пердика, кој во тој миг, објективно, бил послаб противник. Значи, атинска акција за „скротување“ на македонското кралство навистина започнала, но била запрена само поради непријатниот след на непред-

[39] Thuc. 1.57 sqq.

видени околности – истите што, малку подоцна, предизвикале избувнување на друга, поголема војна – Пелопонеската.

На крајот, да се вратиме на прашањата што ги поставивме во уводниот дел, а кои ја загатнаа нашата тема. Од сѐ што беше кажано досега, може да се заклучи дека македонското дрво за бродоградба не само што било нераскинливо поврзано со атинските стратешки определби, туку било клучен услов за постоење на атинската хегемонија и превласт во Егејот. Атинските воено-политички решенија во однос на Македонија ни оддалеку не биле решенија *per se*, ниту пак биле донесувани за да се задоволат итните потреби на атинската флота; напротив, ако се гледа долгорочно, Македонија и нејзината главна извозна суровина имале суштинска важност за постоењето и опстанокот на атинската хегемонија. Без македонското кралство и македонското дрво, Егејскиот басен во V век ст.е. би изгледал многу поинаку: ниту би постоела моќната атинска флота, ниту пак Атина би можела да го предводи Делоскиот, а потоа Атинскиот поморски сојуз.

Или, со малку зборови, без македонското дрво, не би постоела ниту атинската хегемонија.